**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-596/7**

**Скопје, 27.11.2006 година**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за економија – средства од Буџетот на РМ за 2005 година, кои се прикажани на страните 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за економија – средства од Буџетот на РМ за 2003 година и е дадено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Фатмир Бесими, министер од 24.12.2004 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 31.08.2006 до 27.10.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи на Министерството за економија за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Системски слабости**

10.1.1. Ревизијата утврди дека Министерството за економија направило расходи врз основа на покрената Арбитражна судска постапка во Париз против Р.Македонија од страна на EL.P.ET – Balkanike (контролирано од Hellenica Petroleum S.A. и Meton – Etep S.A.) како стратешки инвеститор, кои се резултат на непочитување на неколку одредби од Договорот за купопродажба на акции и концесија на Окта, потпишан на 8 мај 1999 помеѓу Владата на РМ и EL.P.ET – Balkanike. Врз основа на информациите изработени од Министерството за економија, Договорот е уреден со правото на Швајцарија, но повеќе клучни одредби од истиот се судираат со правото на РМ, се во спротивност со правото на Европската Унија и со обврските на Р.Македонија поврзани со членството во Светската Трговска Организација. Незадоволен од спроведувањето на обврските на РМ превземени со Договорот, стратешкиот инвеститор, EL.P.ET – Balkanike на 01.03.2004 година до Internacional Chamber of Commerce во Париз поднел тужбено барање за поведување арбитражна постапка против РМ со кое побарува 63 милиони USD $ од Владата на РМ по основ на шест тужби. Поради сериозноста и итноста на настанатата состојба и финансиските последици што можат да настанат, Владата на РМ во април 2004 година, без спроведена постапка за набавка, ја ангажирала адвокатската куќа Lalive & Partners да ја застапува Република Македонија во предметниот спор со финансиска и техничка подршка на експертските куќи KPMG и Northcroft. Ангажирањето на адвокатската куќа има за последица непредвидени расходи во Буџетот на РМ кои до денот на ревизијата изнесуваат 210.985 илјади денари. Спорот е сеуште во тек и се додека не се разреши, овие расходи ќе зафаќаат значителен дел од Буџетот на РМ и во наредниот период. Динамиката на настанатите расходи до денот на ревизијата е дадена во следната табела:

***во 000 денари***

| Година | Lalive & Partners | KPMG | Norhcroft | Вкупно исплатено до 2006 год. | Неисплатени обврски до денот на ревизијата | Вкупни расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **2004** | 4,034 | 0 | 0 | 4,034 | | 4,034 |
| **2005** | 51,137 | 16,252 | 9,526 | 76,915 | | 76,915 |
| **2006** | 41,634 | 22,042 | 1,303 | 64,979 | | 64,979 |
| **Неисплатени обврски до денот на ревизијата** | 57,535 | 7,522 | 0 | 0 | 65,057 | 65,057 |
| **Вкупно** | **154,340** | **45,816** | **10, 829** | **145,928** | **65, 057** | **210,985** |

10.1.2. Министерството за економија во 2005 година исплатило еднократна парична помош на 46 вработени на кои им престанал работниот однос поради укинувањето на работното место како резултат на структурни промени во внатрешната организација на министерството. По решенијата за престанок на работниот однос дел од вработените повеле судски спор поради непонудена можност за прераспоредување на друго работно место. Имајќи предвид дека со Правилникот за систематизација во министерството има 122 непополнети работни места, ангажирани се 40 лица по договор за дело и превземени се 53 лица од други органи, ревизијата констатира дека Министерството за економија не ги искористило можностите за прераспоредување на сите вработени на кои им престанал работниот однос согласно интерните акти на министерството, Законот за државни службеници и Законот за работни односи, што има за последица поведени судски постапки. До денот на ревизија на работа се вратени тројца вработени, а за 17 вработени постапката сеуште е во тек. Решавањето на спорот во корист на вработените, може да има за ефект непредвидени расходи кои ќе го оптеретат Буџетот на РМ во наредниот период, за покривање на платите на овие вработени по судско решение од денот на нивното разрешување до денот на враќање на работа, со пресметана камата.

10.1.3. Врз основа на интервјуата направени со одговорните работници во Секторот за минерални суровини и извршениот увид во приложената документација за начинот и постапката за доделување на концесии и доделување одобренија за геолошки истражувања и експлоатација, ревизијата го констатира следното:

- Со Законот за минерални суровини концесиите ги дава Владата на РМ врз основа на јавен конкурс со можност одредени концесии утврдени со Законот да се дадат и врз основа на барања од правни и физички лица. Ревизијата констатира дека сите концесии се доделуваат само врз основа на барања, без јавен конкурс, при што барањата за концесии доставени до Владата се препраќаат во понатамошна постапка до Министерството за економија, кое подготвува предлог одлука до Владата за донесување одлука за склучување договор за концесија. Договорот го склучува министерот за економија со


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

концесионерот. Ваквиот начин на склучување договори по барања е нетранспарентен и дава можност за доделување на концесии на правни и физички лица кои не ги исполнуваат условите за добивање на одобренија за истражување и експлоатација на минерални суровини кои се доделуваат по склучениот договор за концесија. Како последица на ваквиот начин на доделување на концесиите, ревизијата констатира дека од 319 склучени договори за концесија за експлоатација на минералните суровини од 1999 година до денот на ревизијата, 185 концесионери не ги добиле одобренијата за експлоатација. За оваа состојба Министерството не превзело мерки да ги извести концесионерите за причините за неисполнување на условите за давање одобрение за експлоатација и со тоа да го раскине договорот, што може да доведе до нелегална експлоатација на суровините без добиено одобрение и без плаќање надоместок.

- Ревизијата констатира дека во Министерството за економија не се води соодветна евиденција, односно не постојат досиеа на концесионери и не се следи реализацијата на доставените предмети во одделни фази на одлучување што има за последица нерешени барања од минати години, неактивни договори за концесија и неизвршени истражувања односно експлоатација на минерални суровини. Ревизијата исто така утврди дека Законот за минерални суровини не го регулира правото на одземање на концесијата во случај на неподнесување на барање одобрение за отпочнување на експлоатација на минералните суровини и по неколку години од одобрената концесија на просторот.
- Ревизијата констатира дека во Министерството за економија има 42 барања за добивање концесија кои датираат од минати години (2002, 2003, 2004 и 2005 година), за кои министерството изработило предлог-одлуки, но сеуште не се потпишани од министерот, поради што и не се доставени до Владата на РМ која ги носи одлуките за концесија, и покрај тоа што законскиот рок за одговор на барањата е 90 дена. Ова упатува на субјективизам во одлучувањето од страна на раководни лица и можна корупција поради неоснованото задржување на предметите, имајќи предвид дека истите ги исполнуваат условите за концесија.
- Со Одлука се определуваат критериумите и висината на надоместокот за концесии за вршење на геолошки истражувања и експлоатација на минералните суровини од 2003 година се плаќа концесиски надоместок за користење на просторот за истражувања и концесиски надоместок по продадена минерална суровина. Ревизијата констатира дека со Одлуката од 2005 година висината на надоместокот се зголемува и е обврска за концесионерот да го уплати до 31. декември во тековната година. Промените на одлуката претставуваат обврска министерството да склучи анекс договор кон основниот договор, што не е направено и има за ефект помалку уплатени средства на сметката на Буџетот на РМ.
- Врз основа на приложената документација ревизијата констатира дека 22% од концесионерите за експлоатација на минералните суровини не го платиле надоместокот во периодот од 2003 година до 31.03.2006 година кога согласно Законот за концесии, надзорот и наплатата на надоместокот за доделената концесија бил во надлежност на Министерството за финансии - Управата за јавни приходи. Со изменувањето на Законот, Управата се ослободува од оваа надлежност, а обврската се враќа во Министерството за економија каде не се води евиденција за наплатата на надоместоците, ниту министерството превзело мерки за подобрување на оваа состојба.

Честата промена на институциите во надлежностите за контрола на надоместокот има за ефект нередовна и неефикасна контрола во наплатата на надоместокот.

Констатираните состојби во делот на концесиите произлегуваат и од несоодветната и недоволна кадровска екипираност на Секторот за минерални суровини и Државниот инспекторат за техничка инспекција.

10.1.4. Ревизијата констатира дека Програмата за основни геолошки истражувања за 2005 година, за чија реализација се одобрени 20.000 илјади денари не е реализирана, а исплатените средства во износ од 7.613 илјади денари се однесуваат за проекти од 2004 година кои продолжуваат во 2005 година. Причините за ваквата состојба произлегуваат од долгите процеси на геолошки истражувања кои продолжуваат и во наредната година, што го оневозможува целосното искористување на средства од тековната година. Од друга страна неисполнувањето на Програмата има за ефект слаба динамика во реализацијата на проектите од национален интерс, кои треба да обезбедат податоци за квантитетот и квалитетот на минералните суровини на одредени простори во РМ на побрз и поефикасен начин заради создавање услови за доделување концесии на веќе истражени простори и нивно одобрување согласно Законот за концесии.

**Препораки и мерки:**

1. Министерот да ја информира Владата на РМ за расходите по основ на Арбитражната судска постапка во Париз со изработен финансиски план во коордоинација со адвокатската куќа Lalive & Partners со цел да се утврди економоичноста, ефикасноста и ефективноста од поведената постапка. Надлежните органи при донесувањето на вакви и слични одлуки да пристапат кон опсежна анализа со оценка на очекуваните резултати од постапката.
2. За вработените кои покренале судски спор по решенијата за престанок на работниот однос, министерството за економија да ја преиспита можноста од прераспоредување на овие вработени согласно интерните акти на министерствотово, Законот за државни службеници и Законот за работни односи.
3. Министерот, одговорните работници во Секторот за минерални суровини и Републичкиот инспекторат за техничка инспекција, секој во рамките на своите надлежности, да ги применува постапките, начините и роковите во сите фази на доделување на концесиите, регулирано со Законот за минерални суровини, Законот за концесии и Законот за техничка инспекција, со посебен акцент на утврдување на надлежноста во контролата на наплатата на надоместокот.
4. Министерството за економија да превземе мерки за позабрзана динанмика во реализацијата на Програмата за геолошки истражувања со поефикасна организација на Секторот за минерални суровини.

## 10.2. Неправилна примена на акти

10.2.1. Комисијата за попис во Министерството за економија не извршила попис на средствата и изворите на средствата, согласно Законот за



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

сметководство за буџетите и буџетските корисници и не ги доставила пописните листи и извештајот за извршениот попис во утврдениот рок за доставување до сметководствената служба, поради што не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис и книговодствено евидентирање на утврдените разлики во Билансот на состојба на ден 31.12.2005 година. Оваа состојба се повторува од 2000 година со обединувањето на неколку министерства во едно и има за ефект нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојбата на ден 31. декември 2005 година и можна злоупотреба на истите.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за економија да постапи по пепораките на Комисијата за попис со Извештајот доставен на 30.06.2006 година со цел усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со попис и книговодствено евидентирање на утврдените разлики во Билансот на состојба со цел реално утврдување на материјалните средства.

10.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

10.3.1. Министерството за економија, спротивно на Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година, ненаменски исплатило средства во износ од 738 илјади денари (14.350$ ), за организирање прием на Амбасадата на РМ во Вашингтон, а во врска со посетата на Владата на Република Македонија, на ден 26.10.2005 година врз основа на Решение од министерот.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за економија има обврска средствата утврдени со буџетот, да ги користат наменски, рационални и економично, во согласност со законските прописи.

10.4. **Слабости на финансиско раководење и известување**

10.4.1. Министерството за економија, врз основа на Одлука на Владата на РМ, исплатило 14.000 илјади денари за набавка на храна и средства за хигиена за настраданите подрачја од катостофалниот земјотрес во регионот на Југоисточна Азија.
Од приложената документација ( фактури и испратници од добавувачите), ревизијата не можеше да се увери дали количината на стоката која е платена е примена и извезена од страна на шпедитерот АД Фершпед, поради тоа што не е извршен надзор и контрола од надлежното министерство. Спецификацијата која е приложена кон извозните царински декларации на АД Фершпед, изработена за потребите на Царинската управа на РМ, за ревизијата не претставува достатен ревизорски доказ за уверување дека платените количини одговараат на извезените, поради нивната некомпатибилност со основните документи.

10.4.2. Ревизијата не изразува мислење за извршените трансфери во вкупен износ од 256 000 илјади денари до:
- Агенцијата за странски инвестиции, 5.000 илјади денари;
- Агенцијата за подршка на претприемништвото, 20.000 илјади денари и

- Македонската банка за поддршка и развој, 231.000 илјади денари, поради ограничениот делокруг на ревизијата во увидот на документацијата со цел утврдување на наменското и законско трошење на средствата, бидејќи станува збор за посебни правни лица.

Со извршени детални аналитички постапки ревизијата ги констатира следните состојби:

1. Агенција за подршка на претприемништвото е основана согласно Законот за основање на Агенција со својство на правно лице. Согласно Законот, Министерството за економија врши постојана и целосна контрола на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Агенцијата, како и следење на интерните политики, правила и процедури на работење. Ревизијата констатира дека министерството до денот на ревизијата не извршило надзор и контрола врз работењето на Агенцијата, поради што не може да изрази мислење за наменското трошење на средствата.
2. Со Економската програма на Владата на РМ за 2005 основан е Гарантен Фонд, како финансиски инструмент за подршка и развој на малите и средни претпријатија, во надлежност на Министерството за економија. Средствата од Гарантниот фонд се користат за издавање гаранции за обезбедување на плаќања по долгорочни кредити за инвестиции одобрени од страна на банки и други финансиски институции во РМ на микро, мали и средни трговци, поединци и занаетчии, регистрирани во РМ. За таа цел со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за подршка на развојот предвидено е Министерството да трансферира 265,000 илјади денари на Банката. Ревизијата констатира дека Министерството за економија постапило согласно заклучокот на Владата на РМ и трансферирало 231.000 илјада денари, а останатите средствата во висина од 39,000 илјади денари се пренаменети за исплата на трошоци во врска со арбитражната постапка со стратешкиот инвеститор на Окта во Париз. Ревизијата не изразува мислење за наменското и законско трошење на средствата од Гарантниот фонд поради недобиен достатен ревизорски доказ од надлежната институција за надзор и контрола - НБРМ, односно недобиен финансиски извештај за намената на средствата.

**Препораки и мерки:**

1. Министерството за економија да ги извршува надлежностите утврдени со Законот за основање на Агенција, да врши контрола на работењето на Агенцијата за подршка на претприемништвото за да го утврди наменското и законско трошење на средствата.
2. Народната банка на РМ и Министерството за финансии да ја следат реализацијата на средствата трансферирани од Министерството за економија кои како Гарантен фонд се реализираат преку Македонска банка за подршка на развојот, со цел да се обезбеди наменско и законско трошење на средствата.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.2.1. погоре, не изразуваме мислење за Билансот на состојба на ден 31 Декември 2005 година на Министерството за економија - средства од Буџетот на РМ, додека Билансот на приходи и расходи го прикажува вистинито и објективно резултатот од



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Министерството за економија, освен за ефектите од изнесеното во точката 10.1. и 10.3., остварено е наменско и законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година. За трансферите наведени во точка 10.4.2. ревизијата се воздржува од давање на мислење за наменското и законско користење на средствата, во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

13. Со ревизија на финансиските извештаи за 2005 година кај Министерството за економија - средства од Буџетот на РМ, ревизијата констатира дека не се превземени мерки по препораките на ревизијата и не се отстранети неправилностите констатирани со ревизорскиот извештај за 2003 година во точките 1,2 и 3.

14. Ревизијата има обврска да обеледени дека на позицијата - Краткорочни финансиски побарувања на ден 31. декември 2005 година искажани се побарувања од дадени позајмици и кредити на стопански субјекти во РМ во вкупен износ од 106.516 илјади денари кои се трансферирани од страна на министерството во периодот од 1993 година до 2003 година во процесот на структурни реформи и приватизација и за кои министерството не превзело мерки по препораките на ревизијата дадени во ревизорските извештаи во минатите години, да се превземат поефикасни мерки за нивна наплата, по судска постапка да влезат во стечајна маса, или со одлука на Влада истите да се отпишат.

15. **Прифатени и корегирани состојби во Билансот на состојба, од страна на Министерството за економија во текот на ревизијата:**

    15.1.1. Во текот на вршење на ревизијата, на предлог на ревизијата, министерството ги изврши следните корекција во Билансот на состојбата :
    - со налог број 3 од 13.10.2006 година ја зголеми вредноста на нематеријалните средства за износ од 6.664 илјади денари, поради не евидентирани геолошки истражувања;
    - со налог број 346 од 13.10.2006 година ја зголеми вредноста на нематеријалните средства за 17.047 илјади денари, за други издатоци во истражувањата ( консултантски услуги од Меинл-банка од Австрија) а ја намали вредноста на истата позиција на сметката за приходи наплатени од органи ( 631-28) и
    - со налог број 47 ја зголеми вредноста на материјалните средства во подготовка за 115.061 илјада денари, а ја намали вредноста на истата позиција на сметката за приходи наплатени од органи (631-13), или вкупното зголемување на вредноста на постојаните средства изнесува 138.772 илјади денари.

**Скопје, 22.11. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 590.241 | 210.163 |
| **Вкупно приходи** | **590.241** | **210.163** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 132.003 | 126.873 |
| Резерви и недефинирани расходи | 52.136 | 4.121 |
| Стоки и услуги | 62.839 | 23.790 |
| Субвенции и трансфери | 256.025 | 30.059 |
| Социјални бенефиции | 2.968 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **505.971** | **184.843** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 84.270 | 25.320 |
| **Вкупно капитални расходи** | **84.270** | **25.320** |
| **Отплата на главнина** | **0** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **590.241** | **210.163** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1.520 | 1.520 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 106.516 | 106.516 |
| Побарувања од вработените | 283 | 282 |
| Финансиски и пресметковни односи | 26 | 36 |
| Активни временски разграничувања | 16.144 | 29.602 |
| **Вкупно тековни средства** | **124.489** | **137.956** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 243.012 | 153.369 |
| Материјални средства | 33.196 | 26.113 |
| Материјални средства во подготовка | 158.865 | 26.956 |
| **Вкупно постојани средства** | **435.073** | **206.438** |
| **Вкупна актива** | **559.562** | **344.394** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.769 | 18.934 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 11 | 10 |
| Обврски спрема државата и други институции | 109 | 17 |
| Финансиски и пресметковни односи | 272 | 272 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 11.266 | 10.651 |
| Пасивни временски разграничувања | 108.062 | 108.072 |
| **Вкупно тековни обврски** | **124.489** | **137.956** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 435.073 | 206.438 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **435.073** | **206.438** |
| **Вкупна пасива** | **559.562** | **344.394** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **206.438** | **-** | **206.438** |
| **Зголемување по основ на:** | **267.330** | **-** | **267.330** |
| Набавки | 7.003 | | 7.003 |
| Набавена опрема од 631-28 | 10.614 | | 10.614 |
| Набавена опрема за претставништво Приштина | 542 | | 542 |
| Набавена опрема за претставништво Белград | 60 | | 60 |
| Преземена опрема од Агенција за приватизација | 603 | | 603 |
| Нематеријални средства | 65.932 | | 65.932 |
| Корекции од ревизијата(неевидентирани геолошки истражувања) | 6.664 | | 6.664 |
| Пренесена состојба од 631-28 | 17.047 | | 17.047 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 16.848 | | 16.848 |
| Градежен објект за потребите Бирото за метрологија од 631-13 | 115.061 | | 115.061 |
| Пренос од средства во подготовка | 26.956 | | 26.956 |
| **Намалување по основ на:** | **38.695** | **-** | **38.695** |
| Амортизација | 11.284 | | 11.284 |
| Преостапени средства на Агенција за млади спорт | 296 | | 296 |
| Преостапено возило на Дирекција за слободни економски зони | 159 | | 159 |
| Пренос на средства од подготовка | 26.956 | | 26.956 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **435.073** | **-** | **435.073** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс3:126-311*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 1105-6/1***
***03.01.2007 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст (“Сл. весник на РМ” бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за економија за 2005 година бр. 596/14 од 27.12.2006 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точките 10.1.2., 10.1.3., 10.3.1. и 10.4.1. од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за економија за 2005 година – Средства од Буџетот на РМ од г-дин Фатмир Бесими, одговорно лице - поранешен министер, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за економија за 2005 година поднесен е приговор бр. 596/14 од 27.12.2006 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

1. Приговорот на наодот од точката 10.1.2. од Конечниот извештај, а кој се однесува на непонудена можност за прераспоредување на вработените на кои им престанал работниот однос поради укинување на работното место, што има за последица поведени судски постапки, **не се прифаќа,** од причина што образложението на одговорното лице е несоодветно и не го менува наодот дека решавањето на спорот во корист на вработените ќе има за ефект непредвидени расходи на Министерството за економија.

2. Приговорот на наодот во точка 10.1.3., од Конечниот извештај, а кој се однесува на неправилности во начинот и постапките за доделување на концесии и одобренија за геолошки истражувања и експлоатација, **не се прифаќа**, од причина што образложението на одговорното лице за причините кои довеле до утврдените состојби од страна на ревизијата и превземените мерки на министерството во 2006 година за забрзување на постапките за доделување на

концесии, не претставуваат основ за менување наодот.

3. Приговорот на наодот во точка 10.3.1., од Конечниот извештај, а кој се однесува на ненаменски потрошени средства за посета на Владата на РМ на Амбасадата на РМ во Вашингтон, **не се прифаќа**, од причина што исплатените средствата за оваа намена не претставуваат расходи за потребите на Министерството за економија, што е спротивно на Законот за извршување на Буџетот на РМ.

4. Приговорот на наодот во точка 10.4.1., од Конечниот извештај, а кој се однесува на набавката на храна и средства за хигиена за настраданите подрачја од катастрофалниот земјотрес во регионот на Југоисточна Азија, **не се прифаќа,** поради тоа што образложението на одговорното лице со кое ја префрла надлежноста на Министерството за транспорт во врска со тоа дали стоката стасала до крајната дестинација, не го ослободува Министерството за економија од обврската за задолжителен надзор и контрола на средствата кои претставуваат државни расходи.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 03.01.2007 година**

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**



***ул: "Маршал Тито" - 12/3***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:3211-262, факс3:126-311***